**<u>ПРЕДЛОГ</u>**

## ЗАПИСНИК
## од 20-та седница на Собранието на ИОРРМ

На ден 04.04.2017 година во просториите на Економскиот факултет – Скопје, со почеток во 14.00 часот, се одржа 20-та седница на Собранието Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) на кое присуствуваа членовите на ИОРРМ.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на ИОРРМ, Борислав Атанасовски. Пред да се пристапи кон усвојување на доставениот предлог дневен ред, престедателот констатираше дека на седницата присуствуваат 77 членови на ИОРРМ. Бидејќи првобитно закажаната 20-та седница што требаше да се одржи на 28.03.2017 година не се одржа заради неостварен потребен кворум за работа, при што на седницата беше регистрирано присуство на 20 членови на ИОРРМ, претседателот констатираше дека согласно член 22 од Статутот на ИОРРМ, на оваа седница ќе се одлучува само по точките од првобитно предложениот предлог дневен ред без оглед на бројот на присутните.

По однос на доставениот предлог дневен ред претседателот ги информираше присутните дека во определениот рок при првобитното закажување на 20-та седница на Собранието на ИОРРМ, не се доставени предлози за изменување и дополнување на предлог дневниот ред.

Присутните членови гласаа за дневниот ред на 20-та седница на Собранието на ИОРРМ, при што дневниот ред беше едногласно усвоен, односно на седницата се работеше по следниот

### ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 19-та седница на Собранието на ИОРРМ.
2. Усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2016 година.
3. Усвојување на Одлука за именување на двајца овластени ревизори, членови на ИОРРМ, за членови на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (СУНРРМ).

   А. Избор на двајца овластени ревизори, членови на ИОРРМ, за членови на СУНРРМ.
4. Потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор.

На 20-та седница на Собранието на ИОРРМ се водеа следните дискусии по точките од дневниот ред:

1. **Усвојување на Записникот од 19-та седница на Собранието на ИОРРМ.**

   Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка. Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Записникот од 19-та седница на Собранието на ИОРРМ беше едногласно усвоен.

2. **Усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2016 година.**

   Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка и накусо ги информираше присутните за поважните активности опфатени со извештајот, како и за одредени претстојни активности во 2017 година.

   Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2016 година беше едногласно усвоен.

   *Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2016 година, се доставува до Советот за унапредување и надзор на ревизија на Република Македонија за добивање согласност.*

3. **Усвојување на Одлука за именување на двајца овластени ревизори, членови на ИОРРМ, за членови на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (СУНРРМ).**

   **А. Избор на двајца овластени ревизори, членови на ИОРРМ, за членови на СУНРРМ.**

   Претседателот на ИОРРМ предложи да се избере Работната група за спроведување на избор на двајца овластени ревизори, членови на ИОРРМ, за членови на СУНРРМ.

   Претседателот предложи Бранка Стојановска, вработена во ИОРРМ, да биде член и претседател на Работната група. Потоа, претседателот ги покани присутните членови да достават свои предлози за останатите два члена на Работната група. Присутните ги предложија Огњен Блажевски и Дијана Делимитова.

   Предлозите за членови на Работната група за спроведување на избор на двајца овластени ревизори, членови на ИОРРМ, за членови на СУНРРМ беа едногласно усвоени, односно членови на Работната група за спроведување на избори се:

   - Бранка Стојановска, претседател на Работната група.
   - Огњен Блажевски, член на Работната група.
   - Дијана Делимитова, член на Работната група.